Сања Јов Дани
05.03.26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 05-03-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1282/1 | | |

**ДО:**
АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Елена Дранговска
Орце Николов 138, Скопје
е-пошта: ***elena.drangovska@adsdp.mk***
во копија: ***sanja.jovanovic@adsdp.mk***, ***adsdp@adsdp.mk***

**ОД:**
П[redacted] С[redacted],ул.[redacted]бр [redacted] н.Илинден Скопје
телефон:+389[redacted]
*е-пошта:*[redacted]*@yahoo.com*

**ПРЕДМЕТ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер – документи во врска со мојот предмет и причините поради кои не сум избран/решен

Почитувани,

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесувам **барање за пристап до информации од јавен карактер** и барам да ми ги доставите **сите постојни документи** со кои располагате, а кои се однесуваат на мојот предмет/моето станбено прашање за периодот **од 2002 година до денот на одговорот**, и тоа:

1. **Сите акти, дописи, известувања, службени белешки, записници, изводи, табели, прегледи и други документи** во кои е наведено, констатирано или пренесено дека:
    - „нема слободни станови",
    - „нема расположлив станбен фонд",
    - „нема можност за доделување/решавање",
    - или друга формулација со која се одбива/одлага решавањето на моето станбено прашање.
2. **Сите документи што се однесуваат конкретно на мене / моето име / мојот предмет**, вклучително:
    - дописи меѓу АДССДП и Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ,
    - дописи меѓу АДССДП и Генералниот секретаријат,
    - дописи меѓу АДССДП и Владата на РСМ,
    - интерни белешки/табели/евиденции ако во нив се спомнува мојот предмет.
3. **Сите документи од кои произлегува**:
    - дали мојот предмет бил разгледуван,
    - кога бил разгледуван,
    - под која категорија сум воден,
    - дали сум бил рангиран/бодуван,
    - и ако постои документ, **која е причината поради која не сум избран / сум прескокнат / не сум решен**.

4. Ако тврдењето дека „нема слободни станови“ се темели на конкретен документ/евиденција, барам да ми ги доставите:
    - **бројот и датумот** на тој документ,
    - **називот на органот/службата** што го составила,
    - и копија од самиот документ.
5. Ако во документите се содржат лични податоци на трети лица, барам да ми се овозможи **делумен пристап**, односно документите да ми бидат доставени со **заштитени лични податоци**, но со видливи:
    - број и датум на акт,
    - категорија/правен основ,
    - статус на предметот,
    - и деловите релевантни за причините поради кои мојот предмет не бил решен.

Барам информациите да ми бидат доставени во **електронска форма (PDF на е-пошта)**, а доколку е потребно и во хартиена копија.

Доколку сметате дека не располагате со дел од бараните информации, барам тоа барање/дел од барањето да го **препратите до надлежниот имател на информацијата**, согласно закон, и за тоа да ме известите.

Доколку сметате дека некој дел треба да се одбие, барам да ми доставите **писмено решение** со:

- точна законска основа,
- конкретни причини за одбивањето,
- и резултатите од спроведениот тест на штетност.

***Со почит,***

[redacted] [redacted]

П[redacted] С[redacted]
Датум: ..2026

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-1282/4 | | 16-03-2026 |

До:
П[redacted]и С[redacted]
Ул.[redacted] бр:[redacted] н.Илинден
Скопје

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-1282/1 од 05.03.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-1282/5 | | 16-03-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1282/1 од 05.03.02.2026 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1282/1 од 05.03.2026 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација која се однесува на целокупната документација поврзана со одлуката за одбивање на барањето за стан,вклучително и сите релевантни документи и записници кои претставуваат основ за одлуката

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање арх.бр. 03-1282/1 од 05.03.2026 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со информација која се однесува на целокупната документација поврзана со одлуката за одбивање на барањето за стан,вклучително и сите релевантни документи и записници кои претставуваат основ за одлуката
согласно податоците на Подружница Скопје - Сектор за стопанисување со станбен простор, Ви го доставуваме следниот одговор:

На Ваше име била доделена под закуп монтажна барака број 15 во населба Илинден – Скопје со Решение со арх. бр. 08-101/2 од 10.06.2003 година, донесено од Комисијата за станбени и иселенички прашања на Владата на Република Македонија, како припадник на безбедносните сили на Република Македонија.

Врз основа на наведеното решение, имате склучено Договор за закуп на стан со АДИССДП со арх. бр. 09-6581/2 од 30.06.2003 година.

Воедно Ве известуваме дека монтажната барака е во многу лоша состојба, руинирана и запуштена, со искршени врати и прозорци, обрасната со трева и без услови за живеење.

За горенаведениот стан е престанато фактурирање на ден 19.02.2024 година со налог арх. бр. 09-1153/1 од 19.02.2024 година, по записник арх. бр. 09-988/1 од 13.02.2024 година.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

- Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје не донесува решенија за доделување на станови, туку постапува исклучиво врз основа на веќе донесени одлуки од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија. Дополнително Ве известуваме дека Друштвото не располага со станбен фонд определен за припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства.

- Во однос на документите од кои би произлегло дали предметот бил разгледуван, под која категорија е воден, дали било извршено рангирање или бодување, како и причините поради кои лицето не било избрано или рангирано, Ве известуваме дека разгледувањето на документацијата и предметите е во надлежност на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија. Акционерското друштво не врши бодување, рангирање ниту донесува одлуки за доделување на станови.

- Доколку Комисијата за станбени прашања донесе одлука за доделување стан под закуп, истото може да се реализира исклучиво од слободните станови со кои располага Акционерското друштво.

**Прилог:**

- Записник од теренска контрола со арх.бр. 09-4/22 од 10.03.2026 година (копија)

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска